ини), потоа дека ова ќе остане ки- клучен фактор во културното ДЛУМ, кој се губи како културен и поставувањето на приоритети.

## МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

# „Опасни врски“ - уметност на нашето време

ГОРДАНА М. БЛАЖЕВСКА

Во Музејот на современата уметност, вечерва во 20 часот, ќе биде отворена изложбата "Опасни врски" а ќе се претставаат уметниците: Јован Шумковски, Станко Павлески, Благоја Маневски, Антони Мазневски, Исмет Јамиќевиќ и Томе Аџиевски. Целта на изложбата е да се постави прашањето за можноста односно неможноста уметноста критички да се постави во однос на стварноста. "Наместо критика и протест, се појави едно свесно откажување од критичката свест, едно повлекување од стварноста и нејзините ефекти" се цитира Слотердијк во текстот на каталогот на оваа изложба кој самооставката на критиката ја лоцира во неспособноста на нашето мислење да го држи чекорот со проблемите, кои попримајќи димензија на расеаност и сеприсутност доведоа до состојба на рамнодушност. Една од основните забелешки на уметноста е дека наместо офанзивна користи дефанзивна стратегија. Оттаму и некои барања поставени до уметноста да го напушти да го напушти маѓепсаниот круг на сопствената изолација и преку своите постапки и изразни форми да придонесе во соочувањето со стварноста.

Затоа и се случува изложбата "Опасни врски", да нè потсети дека живееме во едно време на настани без последици, се вели во информацијата до медиумите. Токму и оваа изложба треба да сведочи токму на парадоксот на неможноста на критичкото дејствување и тоа токму во услови кои се многу погодни за критика. Сепак ова не значи и објавување на потполно отуство на критичката свест, туку станува збор за изнаоѓање на поинаков агол на гледање и соочување со стварноста.

Томе Аџиевски е претставен со проектот Азил Азил што претставува шестти дел на започнатиот проект "Архитектура на агресијата" кој го започна во 2000 година кога по пошта го испрати првиот дел на проектот адресиран до 50 интелектуалци, луѓе што се занимаваат со естетика а претставуваше завземање на став на она што се случуваше тогаш во Македонија. "Азил Азил" се состои од шест фотографии, портрети на неговото семејство.

"Понекогаш се чувствувам среќен" е наслов на инсталацијата на Благоја Маневски составена од шест слики и шест столчиња, со порака дека среќата не е ништо друго туку способност без страв да се набљудуваш самиот себе.

Исмет Рамиќевиќ е претставен со инсталацијата "Жетва" со кој тој продолжува да го развива концептот а деконструирање на моќта на манипулацијата со знаците и значењето. Оваа инсталација се состои од вертикални објекти "снопови" создадени од тенки ролни свиткани весници, поставен на полици прицврстени на ѕид.

Јован Шумковски е претставен со проектот "Домашно странска продукција". Тоа е филм што не се одвива на филмско платно, па оттука и празната сала каде ништо не се случува освен зрачењето на зелената светлина којашто на целиот амбиент му дава димензија на нешто надреално.

Антони Мазневски се претставува со проектот од циклусот "Цвет до цвет" со порака дека работно ангажиран уметникот претставува ангажиран општествен модел; сам по себе. Неговото реангажирање е можно а од негде мора да се тргне.. така ако погледнеме еден цвет ...

Станко Павлески ќе се претстави со "Ненапишана книга до посредувачот" бидејќи нејзиниот фокус не е само тоа што е напишано туку и она што провоцира да биде почитувано и напишано. Во "Широко отворени очи" Павлески врши замена но и изедначување на она што значи експонирање на уметничко дело со експонирање на сопствените ставови и уверувања.